Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 28.12.2019

На 27.12.2019 во 12.00 часот на ул.„Томе Арсовски" во Скопје, полициски службеници на СВР Скопје го лишиле од слобода К.А.(57) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.12.2019 во 01.15 часот на ул.„132" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.В.(20), Е.Е.(21), Б.И.(18) и А.А.(20) сите од Тетово, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе

биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2019 во 18.30 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Л.С(23) од с.Добарце,тетовско, затоа што при извршен претрес во куќа во с.Добарце во негова сопственост била пронајдена автоматска пушка, 2 празни рамки и дрвен кундак. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2019 во 14.30 часот на градскиот плоштад во Тетово полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.Ш(43) од с.Рогле,тетовско, затоа што при извршен преглед  кај него била пронајдени поголема количина пиротехнички материјал. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(35) од с.Долно Палчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 19.02 во трафика на ул. „Маршал Тито" во Тетово, пријавениот купил продукти со фалсификувана банкнота.

На 27.12.2019 во 23.00 часот во хотел  во Битола од полициски службеници од СВР Битола биле лишени од слобода В.Ф.Џ.(31) и Г.Р.Ј.(30) и двајцата од Куба, поради незаконски престој во Р.С.Македонија. Лицата се предадени на полициски службеници од СВР Битола за понатамошна постапка.

На 27.12.2019 во 19.30 часот на Граничен премин„Меѓународен аеродром- Скопје" бил лишен од слобода Ј.Б.М.(24) од Р.Турција за кој при пасошката контрола било утврдено дека не му е регулиран престојот во Р.С.Македонија.Лицето е предадено на полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Скопје за понатамошна постапка.

На 27.12.2019 во 15,17 часот во Скопје, на бул.„Св.Климент Охридски" во близина на Влада на Р.С.Македонија патничко моторно возило „хјундаи" со дипломатски ознаки, управувано од Н.Г. (54) удрило во Х.А., полициски службеник. Х.А е пренесен во Градска општа болница Св.Наум Охридски за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 27.12.2019 година во 21.10 часот на  автопатот Скопје - Тетово во близина на бензинската пумпа, патничко моторно возило „опел астра" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(33) од Тетово, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.А  кој е пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза " за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 28.12.2019 во 04.30 часот на кружен тек на булевар „Никола Минчев" во Кавадарци патничко моторно возило „голф" со велешки регистарски ознаки, управувано од Х.К.(24) од с. Веничани, излетало надвор од коловозот.Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката И.А.(26) од Скопје која е пренесена во комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. За настанот е известен јавен обвинител ,а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кавадарци.

На 27.12.2019 во 16.00 часот во Полициска станица Кисела Вода, А.Б.(45) од Скопје пријавила дека на ул.Јордан Мијалков нејзиниот син В.Б.Б. бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 27.12.2019 околу 14,35 часот во Куманово, на ул.„Ѓорче Петров" пред крстосница со ул.„Михајло Пупин" патничко моторно возило „опел корса" со кумановски регистарски ознаки управувано од М. Д.(60) од Куманово, удрило во пешакот Ѓ. С. (70) од Куманово. По незгодата Ѓ.С бил пренесен во Клиничка болница Куманово, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Куманово.

На 27.12.2019 во Полициска станица Гази Баба, З.С.(64) од Скопје пријавил дека на ул. Беровска бил каснат од куче скитник во пределот на десната подколеница.

На 28.12.2019 година околу 01.30 часот на регионалниот пат Кочани – с.Зрновци, на влезот во с.Зрновци,кочанско, К.С. (23) од Кочани управувајќи патничко моторно возило ,,поло" со кочански регистарски ознаки излетал од патот. На местото на настанот починал совозачот Б.М. (23) од Кочани, а К.С е пренесен во Медицински центар Кочани за укажување на лекарска помош .Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и увидна екипа од Полициска станица Кочани, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 27.12.2019 во 20.30 часот на ул.Ферид Бајрам во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје биле лишени од слобода Р.Г.(28), Д.Н.(23) и Ш.Е.(31) сите од Скопје, бидејќи биле фатени при обид за извршување на кривично дело „тешка кражба" во куќа сопственост на Б.М.(60) од Скопје. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2019 околу 17.30 часот во аптека на бул. „Климент Охридски" во Скопје бил лишен од слобода М. П. (41) од Скопје при извршување на кривично дело „разбојништво". Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 27.12.2019 во охридското село Оздолени, извршен е претрес во куќа каде привремено престојува Г.М.(43) од Охрид. Притоа, пронајдени и одземени се 14 помали кеси со марихуана како и 1043 семки. Г.М. е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.12.2019 во СВР Охрид, М.Т.(33) од охридското село Подмолје, пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 27.12.2019 во полициската станица Кичево, Г.Н.(52) од Кичево пријави дека на улицата „Левче Стефаноски Тарзан" во Кичево била касната од куче скитник.

На 28.12.2019 во 01.15 часот на кружен тек во с.Карбинци - Штип од полициски службеници од СВР Штип бил лишен од слобода Н. М. (42) од Виница, поради тоа што истиот физички нападнал полициски службеници кои постапувале по претходна пријава во 01.30 часот од И.П.(21) од с.Пекљани,виничко и С.М.(37) од Кочани дека пред продавница во с.Карбинци биле физички нападнати од Н.М. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2019 во 16.00 часот во СВР Скопје, Г.Ц.(31) од Скопје, пријавил дека околу 15.15 часот на пешачки премин пред трговски центар на ул.Св.Кирил и Методиј, по претходна расправија бил физички нападнат од едно лице.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2019 во 05.00 часот на магистралниот пат Штип – Радовиш патничко моторно возило „ауди" со бугарски национални ознаки, управувано од Ѓ.Л.(40) од с.Пепелиште,неготинско излетало надвор од коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.Н.(37) од Неготино, кој бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош.Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 27.12.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автоперална на ул.Пролет по претходна расправија дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.С.(44) и Ф.И.(24) и двајцата од Скопје. Сочинет е записник за константиран прекршок по чл.11 од ЗПП ЈРМ.

На 27.12.2019 во 18.20 часот во Полициско одделение Петровец, Д.Т.(35) од с.Кадино,скопско пријавил дека околу 02.20 часот пред угостителски објект на ул.500 во с.Марино,скопско тој и С.В.(35) од с.Марино, биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2019 околу 00.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на бул.Борис Трајковски по претходна расправија дошло до нарушување на јавниот ред и мир помеѓу Ј.П.(48) и К.П(21) и двајцата од Скопје, од една страна и Ј.Т.(29) и Г.Т.(33) и двајцата од Скопје, сопственици на угостителскиот објект.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.12.2019 во 09,00 часот во СВР Скопје, Ј.П.(62) од Скопје пријавил дека на 27.12.2019 во 23,00 часот на ул. 28 Сингелиќ бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2019 во 11.30 часот на ул.Томе Арсовски била пронајдена М.Е.(17) од Скопје, штитеник од Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение која на 19.12.2019 во Полициска станица Карпош била пријавена дека се оддалечила од установата.

На 27.12.2019 во 21,40 часот во СВР Тетово, З.В.(59) од Тетово пријавил дека на крстосница на ул. Видое Смилевски Бато со ул. 29 Ноември во Тетово по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2019 во 23.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на фабрика на ул.„Васил Чакаларов" две лица со закана од М.С. (19) од Скопје одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2019 во 16 часот во СВР Битола, Т.А. од Битола пријавила дека околу 15.55 часот во поранешен салон за мебел на ул.Охридска во Битола била физички нападната од Б.З.(66) од Битола.Се преземаат мерки за расчистување на случајот. На 27.12.2019 во 12.45 часот во СВР Скопје С. А. (37) од Скопје, пријавил дека околу 12.35 часот на булевар .„Србија", додека се движел со неговото патничко моторно возило „цитроен саксо", едно лице кое управувало патничко моторно возило „џип чироки" со скопски регистарски ознаки му се заканило со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2019 околу 15.15 часот во СВР Скопје, Г.Р.(69) од Скопје пријавил дека во зелен пазар на ул. Кемал Сејфула поради претходно недоразбирање бил физички нападнат од М.А.(44) од Скопје. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.12.2019 во 20.00 часот во СВР Скопје, М.В.(23) од Скопје, пријавил дека на 26.12.2019 во 16.30 часот на ул.Валандовска поради нерасчистени имотно правни односи бил физички нападнат од Љ.М. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)